РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ
Примено: 02.09.2014
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 07 | 12/102 | | |

Архивски знак 0704
Рок на чување: ТРАЈНО
02.09.2014

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/2014) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот *јазик и култура на Ромите* за IX одделение, на деветгодишното основно воспитание и образование

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2014 година

# I. ВОВЕД

Наставниот предмет *јазик и култура на Ромите* ги опфаќа четирите јазични вештини: слушање, читање, зборување и пишување кои ќе се развиваат постепено и ќе го поттикнуваат развојот на свеста за одговорност за јазикот како дел од идентитетот на Ромите.

Наставата по предметот *јазик и култура на Ромите* им овозможува на учениците од VII до IX одделение продлабочување, проширување и составување на здобиените знаења и способности за примена на ромскиот јазик во сите видови комуникација. Преку наставата по овој предмет учениците се стекнуваат со вештини за толкување на литературните текстови, истражување, творење, писмено и усно изразување на стандарден ромски јазик, како и содавање на основа за примена на здобиените знаења за стандардната јазична норма во ромскиот јазик која има многу значајна улога во реализацијата на воспитниот процес, преку литературните и другите текстови, во смисла на естетската, етичката, социјалната, националната и другите компоненти што го сочинуваат воспитно-образовниот курикулум.

**Назив на наставниот предмет:** *јазик и култура на Ромите*

**Вид на основно образование:** деветгодишно основно образование
**Број на часови на наставниот предмет:**
- број на часови неделно: 2 часа
- број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** изборен предмет

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да го изучува ромскиот јазик и да се запознавае со културните карактеристики на Ромите;
- да развива разни јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување и користење на ромскиот јазик;
- да формира способност за поврзување на стекнатите знаења од изборниот предмет *јазик и култура на Ромите* со знаењата од другите јазици (наставен, мајчин, или странски јазици) и другите предмети;
- да формира навики и да развива способности за слушање, говорење, читање и пишување преку систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички норми;
- да се запознае со важноста на интеркултурниот дијалог и почитување на различноста.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- систематски да ги проширува знаењата за современиот ромски стандарден јазик;
- систематски и содржински да го збогатува и проширува лексичкиот фонд на ромскиот јазик;
- да развива способности за точно и јасно искажување преку усно и писмено изразување;
- да го збогатува речникот со нови зборови од ромскиот јазик;
- да го развива чувството за стилска употреба на лексичкиот фонд;
- да се запознае со книжевните дела од книжевното наследство на Ромите како и книжевноста на другите народи во Р. Македонија и надвор од неа;
- да се оспособи за самостојно критичко мислење и вреднување на книжевните текстови;
- да усвојува основни и стручни поими од лингвистиката, теоријата на книжевноста и уметноста воопшто;
- да се запознава со елементи од ромската традиција и култура.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **Програмско подрачје: ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со развојот на ромскиот стандарден јазик во XX век<br>• да се запознае со дијалектите на ромскиот јазик<br>• да се запознае со поделбата на ромските дијалекти на поддијалекти | • Стандардизација на ромскиот јазик<br>• Дијалекти на ромскиот јазик<br>• Поддијалекти во ромскиот јазик | • Стандарден ромски јазик<br>• *Влашка група* на дијалекти<br>• *Невлашка група* на дијалекти<br>• *Арлиски* и *џамбаски* поддијалект | • Запознавање со формални изданија на трудови за граматиката, правописот и речникот на ромскиот стандарден јазик.<br>• Читање на текстови од соодветниот дијалект и поддијалект за воочување на разликите. |

| **Фонетика** | | | |
|---|---|---|---|
| • да умее да распознава акцент по тон и интонација; | • Видови акцент по тон и интонација | • Видови акцент по тон и интонација<br>• Акцентот во ромскиот јазик | • Вежби со соодветно избрани текстови од ромски автори<br>• Вежби за воочување на разлики од видови акцент по тон и интонација со изразно читање на текст.<br>• Слушање на радио и ТВ емисии<br>• Говорни вежби |

| Морфологија | | | |
|---|---|---|---|
| • Да ги систематизира и проширува знаењата за граматичките категории кај глаголите<br>• да ги разликува простите и сложените глаголски форми;<br>• да знае да ги образува глаголските форми: футур, I и II, императив, перфект, имперфект, плусквмперфект, глаголска придавка, глаголски прилог;<br>• да го разбира значењето на глаголските форми и правилно да ги употребува во соодветен контекст; | • Прости и сложени глаголски форми<br>• Лични глаголски форми:<br>-временски: сегашно, минато, идно презент, перфект, футур I и II (значење, творма, гласовни промени) и сл. | • Глаголски форми<br>• Градба и функција<br>• Лични глаголски форми<br>• Презент<br>• Перфект<br>• Плусквампер фект<br>• Футур (аналитички и синтетички)<br>• глаголска придавка<br>• Глаголски прилог | • Вежби за препознавање на граматичките категории кај глаголите и на простите и сложените глаголски форми.<br>• Вежби за препознавање на посочените глаголски форми.<br>• Вежби за откривање на карактеристиките<br>• Вежби со анализа на примери |
| • Да ги разликува менливите од неменливите зборови;<br>• да ги препознава и да ги разликува прилозите ( за време, место, начин и количество)<br>• да ги употребува правилно прилозите; | • Прилози за: време, место, начин и количество<br>• Промена ( компарација) на прилози | • Прилози за време, место, начин и количество | • Вежби со одредување на прилози во соодветно избрани текстови<br>• Составување на реченици во кои се употребени прилози и придавки за да се направи разлика пр. *Avdive siam pašeder, a tajsa ka ova majpaše dži o resipe.* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да ги разликува прилозите од придавките. | | | |
| • Да ги препознава сврзниците како неменливи зборови. | • Сврзници | • Сврзници | • Вежби за препознавање на сврзниците во соодветно избрани текстови.<br>• Пишување на реченици со самостоен избор на сврзници како врска меѓу одделни зборови и меѓу реченици. |
| **Синтакса** | | | |
| • Да ги разликува директниот и индиректниот предмет;<br>• да умее да воспоставува врска на предметот со другите главни членови на реченицата (да ги усогласува според граматичките категории);<br>• да ги разликува и применува знаењата за реченичните членови атрибут и апозиција; | • Реченични делови<br>• Директен предмет<br>• Индиректен предмет<br>• Реченични делови: атрибут и апозиција | • Предмет<br>• Директен предмет<br>• Индиректен<br>• Предмет<br>• Атрибут<br>• Апозиција | • Вежби за препознавање на предметот во реченицата со определување за каков вид предмет станува збор.<br>• Составување на реченици со употреба на индиректен и директен предмет.<br>• Вежби со препознавање на атрибут и апозиција во ромскиот јазик.<br>• Составување на реченици каде се употребени атрибут и апозиција. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да ја препознава структурата на сложената реченица<br>• да ги разликува независносложените од зависносложените реченици;<br>• да составува сложени реченици со поврзување на речениците;<br>• да ги разликува независносложените реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни). | • Сложена реченица<br>• Структура на сложена реченица<br>• Поделба на сложената реченица<br>• Независносложени реленици<br>• Зависносложени реченици | • Сложена реченица<br>• Независносло-жена реченица | Вежби за составување на независносложени реченици од две или повеќе сложени реченици. |
| **Речник и стил** | | | |
| • Да прави разлика во лексичкото значење според нивното потекло;<br>• да прави разлика и да ја препознава ромската и странската лексика;<br>• да ги препознава дијалектизмите, неологизмите, интернационализмите, турцизмите и др. | • Речнички состав на ромскиот јазик според потеклото на зборовите;<br>• Лексика од изворниот ромски јазик;<br>• Лексика од неромските јазици; | • Ромска лексика<br>• Странска лексика<br>• Дијалектизми<br>• Неологизми<br>• Интернационализми<br>• Турцизми<br>• Заемки ( од другите јазици) | • Вежби со примери од соодветно избрани текстови каде што се употребени дијалектизми, интернационализми, турцизми и др.<br>• Толкување на дијалектизмите, интернационализмите, турцизмите и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Правопис** | | | |
| • Да знае правилно да ги примени знаењата за употреба на интерпункциски знаци;<br>• да ги користи туѓите зборови таму каде што е тоа неопходно и оправдано; | • Употреба на интерпункциски знаци<br>• Пишување и употреба на заемките | • Интерпункцис-ки знаци | • Вежби за проверка на усвоените знаења за правилна употреба. на интерпункциските знаци.<br>• Вежби за правилна употреба и пишување на заемки. |

| Програмско подрачје: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Усно и писмено изразување** | | | |
| Ученикот/ученничката:<br>• да ја употребува стандардната јазична норма во писменото и усното изразување<br>• да раскажува настани или литературен текст со употреба на изразни средства;<br>• да умее да издвои и да претстави најважни делови од | • Раскажување<br>• Прераскажување<br>• Опишување | • Раскажување<br>• Прераскажува-ње<br>• Опишување | • Вежби за раскажување настани и доживувања.<br>• Раскажување по хронолошки ред и со ретроспекција.<br>• Раскажување на настани каде што ученикот се поистоветува со некој од современите позитивни ликовите од различни уметнички извори ( книга, филм, ТВ-емисија и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| некој настан;<br>• да раскажува хронолошки и ретроспективно;<br>• да умее да продолжи по даден почеток;<br>• да умее да смисли почеток на текст со даден крај;<br>• да опишува детално патувања, настани, ликови и дрго што ја поттикнува креативноста на ученикот;<br>• да умее да даде личен став за гледана емисија, филм, театарска претстава, за новинарски запис и сл.<br>• да употребува соодветен јазичен израз и форма припишувањето текст и при настап со говор; | • Записник<br>• Говор | • Записник<br>• Говор | сл.).<br>• Прераскажување по даден план, по даден почеток или крај, со измени на глаголското време, според заеднички план, со измена на ликовите.<br>• Прераскажување на радио или ТВ емисии, филмови, театарски претстави, книги, написи во печатени медиуми, патувања и сл.<br>• Вежби за опишување предмети, појави, места, пејзажи, места, портретирање на ликови.<br>• Вежби за водење записник (на пр. од одделенски час, родителски состанок, од секција и др.).<br>• Вежби за составување говор и настап со говор ( на пр. обраќање по повод празник, ден на училиштето, обраќање за некој проблем и сл.). |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Култура на Ромите | | | |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката<br>• да знае да ги објасни карактеристиките на ромските социјални песни;<br>• да ги интерпретира различните видови лирски песни;<br>• да се оспособи за правење избор на лирски песни ( од народната и уметничката ромска литература);<br>• да ги препознава стилските фигури како карактеристики на уметничките текстови;<br>• да се оспособи за пронаоѓање на овие стилски фигури ( во творби од ромската народна и авторска литература;<br>• да ги препознава карактеристиките на романот;<br>• да интерпретира делови од романот;<br>• да споредува роман и расказ според нивните белези; | • Социјални песни<br>• Стилски фигури:<br>• Рефрен<br>• Градација<br>• Апострофа<br>• Хипербола | • Социјални песни<br>• Рефрен градација<br>• Апострофа<br>• Хипербола<br>• Роман | • слушање и гледање аудио и видео записи.<br>• Вежби за интерпретативно читање на овој вид творби.<br>• Вежби за препознавање на стилските фигури во соодветни текстови од ромската литература.<br>• Вежби за интерпретативно читање и рецитирање на соодветни литературни текстови со акцент на стилските фигури.<br>• Вежби за споредување на роман и расказ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да ги знае особеностите на дневникот како научно – литературен вид;<br>• да се потикне да пишува дневник<br>• да ги препознава карактеристиките на современата драма;<br>• да ги споредува основните драмски видови (комедија, трагедија и драма). | • Видови драми: современа драма<br>• Дневник | • Дневник<br>• Надворешни карактеристики на драмски текст<br>• Современа драма | • Читање на извадоци од дневник.<br>• Вежби за пишување на дневник.<br>• Читање на извадоци од драмски текстови.<br>• Читање на извадоци од различни видови драми.<br>• Вежби за споредба на основните драмски видови.<br>• Вежби за драмско читање и драмска изведба во училницата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да се запознае различните групи на Ромите во Р. Македонија и надвор од неа;<br>• да се запознава со основните карактеристики на номадската и седентарната култура на Ромите;<br>• да се запознае со делата на писатели Роми кои творат во Р. Македонија;<br>• да препознава стари обичаи кај Ромите;<br>• да се запознае со народната ромска носија и нејзините карактеристики од различни региони;<br>• да се запознае со старите народни песни на ромите од различни региони;<br>• да ги забележува сличностите и разликите во обичаите, музичкото творештво и културата на другите заедници во Р. Македонија како фактор за зближување со другите и збогатување на личноста. | • Историски податоци за Ромите од различни региони<br>• Етнолошки карактеристики на Ромите од различни региони<br>• Обичаи<br>• Народна носија<br>• Музички инструменти<br>• Стари детски колективни игри кај Ромите<br>• Откривање и препознавање на сличности и разлики со културите на другите етнички заедници во Р. Македонија | • Историја на Ромите во РМ и надвор од неа<br>• Етнолошки карактеристики<br>• Обичаи<br>• Народна носија<br>• Музички инструменти<br>• Стари детски колективни игри | • Читање на историски податоци за Ромите.<br>• Читање на податоци и информации за етнолошките карактеристики на Ромите<br>• Читање на дела и запознавање на творби од културата и уметноста од успешни Роми во РМ и надвор од неа (Рајко Ѓуриќ, Љатиф Демир, Јусуф Сулејман, Рахим Бурхан, Оскар Мамут, Акиле Еминова, Мехмед Саќип и др.).<br>• Препознавање и откривање на сличностите и разликите во културите со другите етнички заедници во Р. М. и разговор за начините на меѓусебно почитување и заедничко живеење. |

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по *јазик и култура на Ромите* е изготвена врз основа на најсовремените сознанија за методи за стекнување знаења и вештини.

При планирањето на наставата во IX одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба да ги планира интегрално целите вклучувајќи го и подрачјето *Култура на Ромите* чии цели најчесто се реализираат интегрирано со другите содржини и како такви се усвојуваат. Така, содржини од културата како песни, раскази, народни приказни, басни и сл. се разработуваат развивајќи ги истовремено вештините: читање со разбирање, зборување или пишување, како и прераскажување, опишување, користејќи притоа јазични структури и функции соодветни на ова ниво.

Наставникот/наставничката при планирањето на содржините за деветто одделение треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што при разработката на новите содржини да се следи спиралната прогресија, односно секогаш врз основа на повторување на веќе познати содржини да се надградуваат нови при што подеднакво да се развиваат четирите јазични вештини и да се продлабочуваат граматичките структури и комуникативни функции и континуирано да се проширува зборовниот фондот.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*
( 72 часа годишно, 2 часа неделно)
-По наставни подрачја се предлага: Јазик (Јазични вештини - слушање, говорење, читање и пишување-, граматички структури, јазични функции ) -60 часа;
- Култура -12 часа.

*Наставни средства:*
- учебник избран за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- приказни, песни, списанија, енциклопедии, речници и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД;
- други извори на учење: Интернет, ТВ, радио, образовни софтвери и др.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за ромскиот јазик и култура, во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Исто така треба да се воспостави контакт со родителите и да се запознаат со карактеристиките на наставната програма за IX одделение и со начинот на обработка на содржините, следењето на постигањата на учениците. Во IX одделение учениците се оценуваат со бројчана оценка и на крајот на наставната година ученикот добива свидетелство со бројчани оценки. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* – Во текот на наставата по *јазик и култура на Ромите* се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:
- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретни активности или студии на случај во кои наставникот/наставничката ја бележи фактичката состојба.

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* – Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот/наставничката во текот на годината и на крајот на годината ги оценува со бројчана оценка.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* – Согласно со природата на предметот јазик и *култура на Ромите* на ромски во IX одделение може да се применуваат различни методи и техники за усно и писмено проверување на постигањата на ученикот (говорни вежби, презентации, писмени вежби и сл.).

## VII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставните средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## VIII. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во седмо одделение може да ја изведува лице кое го говори ромскиот јазик и кое завршило:
- филолошки факултет – наставна насока:
-педагошки факултет- одделенска настава;
-природно-математички факултет – група етнологија.

## IX. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2014 година

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по предметот *јазик и култура на Ромите* за IX одделение од деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 11-13552/1
26-08-2014 20___ год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Љатиф Демир
Контролирал:Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор